# Состојбата на граничните премини
# Гевгелија и Куманово

***Период: 04.07.2016– 10.07.2016***

## Гевгелија

### *Просторни капацитети и услови*

Бројот на бегалци во кампот е непроменет како и изминатата седмица и изнесува 133.

Во кампот продолжува поставувањето на патеки со бекатонски плочки.

Во заедничките тоалети за бегалците се забележува **влошена хигиенска состојба, недостаток на хигиенски средства и расипани чешми.**

*Хелсиншкиот комитет апелира до надлежните служби во кампот, да се одржува хигиената на највисоко ниво, во тоалетите и целиот камп, со цел да се зачува и да не се загрозува здравјето на бегалците.*

### *Институционално постапување*

Бегалците кои веќе подолг период се задржани во Прифатниот- транзитен центар (ПТЦ) Винојуг, Гевгелија и немаат право да се движат надвор од кампот, се наоѓаат во **загрижувачка психичка состојба**, поради неизвесноста за нивната иднина и монотониот живот во кампот.

*Хелсиншкиот комитет апелира до надлежните институции во ПТЦ Винојуг да се преземат итни мерки за анимирање на бегалците во кампот, како и начини за нивно движење надвор од кампот, кои ќе придонесат за подобрување и одржување на нивното психичко здравје.*

Во текот на седмицата, околу 100 бегалци беа затекнати од страна на полицијата по илегални патишта. Во првиот случај, 96 бегалци беа пронајдени во камион на патот помеѓу селата Смоквица и Прдејци. Бегалците се со различно потекло односно од Сирија, Ирак, Авганистан и Пакистан. Тие беа сместени во приемниот шатор пред кампот, па откако од страна на Црвен Крст им беше укажана хуманитарна помош, тие беа пренесени на грчка територија. Во друг случај, во близина на струмичкото село, Ново Село, беа пронајдени двајца бегалци со потекло од Индија и Пакистан. Кај еден од нив беа забележани повреди на ногата. Откако му беше укажана медицинска и хуманитарна помош од страна на Црвен Крст, двајцата беа пренесени на грчка страна.

## Куманово

### *Просторни капацитети и услови*

Бројот на бегалци во Транзитниот камп во Табановце, Куманово изнесува околу 70 бегалци и тој секојдневно се намалува.

Кампот во континуитет се надоградува. Во изминатата седмица се поставени нови тушеви и се обновени неколку клима уреди.

### *Институционално постапување*

Ситуацијата во кампот е мирна и непроменета од изминатата седмица.

## Состојба во Прифатните центри во Република Македонија

Бројот на бегалци во Прифатниот центар за странци во Гази Баба изнесува 30, додека во Прифатниот центар за баратели на азил- Визбегово, моментално се сместени 13 бегалци. Во Безбедносната куќа пак, се згрижени 14 лица.

## Нерегуларна миграција

Во текот на минатата седмица, Министерството за внатрешни работи регистрирал еден кривично-правен настан поврзан со криумчарење мигранти. Имено, во близина на село Прдејци, во товарен камион биле пронајдени 96 бегалци со различно потекло од Пакистан, Авганистан, Ирак и Сирија. Возачите на камионот не се затекнати на местото. Бегалците се пренесени во ПТЦ Винојуг, Гевгелија и по кратко задржување се пренесени на грчка територија.